Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 18**

**28.12.2017**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2018 година**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2018 година донесена на шеста седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1039/2 Општина Демир Хисар**
**28.12.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

57.Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15 и 5/16), Советот на општина Демир Хисар, на 6 седница одржана на 27.12.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2018 година**

Член 1

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2018 година изнесува 76,80 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2018 година.

**Бр.17- 983/5 Совет на Општина Демир Хисар**
**27.12.2017 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2018 година**

1.Ја објавувам Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2018 година донесена на шеста седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1039/3 Општина Демир Хисар**
**28.12.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

58.Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.61/04,96/04,67/07,156/09,47/11 и 192/15), и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на Општината Демир Хисар ("Службен гласник на Општината Демир Хисар,, број 3/2002), Советот на Општината Демир Хисар на 6 (шестата) седницата одржана на 27.12.2017 година, донесе

***О Д Л У К А***

за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2018 година

**Член 1**

Буџетот на Општина демир Хисар за 2018 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:.Основен буџет, Буџет на самофинасирачки активности, Буџет на дотации, Буџет на кредити и Буџет на донации.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Градоначалникот на општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџет на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не можат да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на дотации, буџетот на донации и/или буџет на заеми планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, согласно законските прописи.

- за Градоначалникот бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, применет на основа

на исплатената просечна месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година.

- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на општината.

- на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати , надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на општина Демир Хисар, и измените од истиот.

**Член 10**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финасираат со блок дотации се спроведува на следниот начини:

- средствата се планираат на наменската сметка (930), а се извршуваат преку сметката- дотации на локални јавни установи (903),

- локалните јавни установи финасирани со блок дотации од општинскиот буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат следните обрасци: ПДД-МП иМП-1, копија од рекапитулација од пресметани бруто и нето плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плати за месецот за кој се однесува платата.

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финасираат од општинскиот буџет истите се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1, а за новите вработувања кои се финансираат од блок дотацијата се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образец М-1.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финасираат од општинскиот Буџет ја контролира и одобрува Министерството за финасии.

Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотација.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерство за финасии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општината Демир Хисар се утврдува во процентуален износ и изнесува 40 % од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Совет на Општината Демир Хисар за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот не се исплатува

доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши на основа донесено решение од Градоначалникот. Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 60% од просечната месечна нето плата во РМ објавена до денот на исплатата.

**Член 14**

Износот на дневници за службено патување во странство се исплатува и тоа:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата,
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управување.
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена.

Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и
- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош, во износ од две последни исплатени плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 15.000 денари.

Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација.

Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната година.

Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во програма Д0-Градоначалник подставка 413110 тековни резерви (разновидни расходи).

**Член 16**

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработениот во Општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите и изнесува двократен износ од просечната исплатена месечна плата во Републиката за соодветниот месец во кој работникот

заминува во пензија и се планира во Буџетот на општинат.

Средствата за вработениот во општината се планираат во програмата Е0 – Општинска администрација, односно за вработениот во локалната јавна установа во Програма Д0 – Градоначалник на ставка 464 Разни трансфери – 464940 – Трансфери при пензионирање.

**Член 17**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 18**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва-во програма А0-Совет на општина.), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите (тековна буџетска резерва) во програма Д0-Градоначалник, одлучува Градоначалникот на општината до износ од 50.000 денари.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 19**

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот за 2018 година одлучува Градоначалникот на општина Демир Хисар во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина А0 и тоа:

- тековна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладини организации,
- трансфери до спортски клубови и
- други трансфери за кои одлучува Советот на општина Демир Хисар .

**Член 20**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

**Член 22**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен

во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 23**

Буџетот на Општина Демир Хисар за 2018 година ќе се извршува од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

**Член 24**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар, а ќе се применува од 01 Јануари 2018 година.

**Бр.17- 983/6 Совет на Општина Демир Хисар**
**27.12.2017 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлуката за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2018 година**

1.Ја објавувам Одлуката за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2018 година донесена на шеста седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1039/4 Општина Демир Хисар**
**28.12.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

59.Согласно одредбите на член 20 став 2 од Законот за дополнување на Законот за платниот промет ( „Службен весник на РМ „ бр.50/01 до 103/01) , како и член 43 став 1 точка 11 од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02 ) Советот на општината Демир Хисар на 6 седница одржана на ден 27.12. 2017 г. ја донесе следната

***О Д Л У К А***
**За висината на благајничкиот максимум за 2018 година**

Член 1

Благајничкиот максимум за 2018 година се утврдува на износ од **30.000,00 денари** , парични средства кои ќе може општината Демир Хисар како учесник во платниот промет да ги подига во готово од своите сметки и да ги држи во благајната.

Член 2

Доколку постои прилив на други средства по други основи во благајната во текот на денот, истите ќе се уплатуваат на сметката на Општината Демир Хисар истиот ден или најкасно наредниот работен ден. .

Член 3

Поединечните т.е. индивидуалните исплати во готово кои ќе се вршат од благајната не може да бидат повисоки од **6000,00 денари**.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Демир Хисар,, .

**Бр.17- 983/7 Совет на Општина Демир Хисар**
**27.12.2017 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2018 година**

1.Ја објавувам Програмата за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2018 година донесена на шеста седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1039/5** **Општина Демир Хисар**
**28.12.2017година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Марјанче Стојановски с.р.**

60.Врз основа на член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14) и член 101 од Деловникот за работа на Советот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.12.2017 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2018**

**Вовед**
Заради остварување на законски утврдени надлежности на Советот на Општина Демир Хисар со оваа Програма се остварува начелото на програмирање на задачи и активности што се во надлежност на Советот на општината, а се утврдени со Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Демир Хисар и други законски и подзаконски акти. Во Програмата се утврдуват називите на активностите што ќе се реализираат во текот на 2018 година, носителите на изработка на метеријалите, предходно разгледување низ комисиска расправа и усвојување од страна на Советот. Во концепирањето на Програмата користени се во најголема мера предлози од Градоначалникот и општинската администрација, јавни претпријатија и установи, општински организации како и комисиски и други предлози. Со оглед да се работи за започнатиот процес децентрализација кој ќе тече подолг период секако дека ќе има потреба се до усвојувањето на Програмата, а и после нејзиното донесување да се јават потреби од разгледување на материјали пред Советот, а кој не се влезени во Програмата што укажува на фактот дека таа е од отворен карактер и може да се дополнува.

**ПОСЕБЕН ДЕЛ**
***ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ, МАРТ-I Тромесечие***

1.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2017 година за IV квартал
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува***:* Советот на општината.

2.Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2018 г
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува***:* Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

3. Годишен Извештај за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за правни и општи работи
**Усвојува:** Советот на општината.

4. Програма за изработка на УП на Општина Демир Хисар за 2018
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

5. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

6. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спортот и младите за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

7. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за подршка на Здруженија и фондации и НВО за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува**: Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

8. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравството за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува**: Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

9. Извештај за реализација на Програмата за јавните потреби на Општина Демир Хисар во културата за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува**: Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

10.Извештај за реализација на Планот за развојни програми за 2017 година.
**Изготвува**: Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Советот на општината.

11.Извештај за работењето на ПС од општа надлежност Демир Хисар за 2017 г.
**Изготвува:** ПС од општа надлежност Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

12.Информација за состојбата со наплата на комуналната такса за 2017 година.
**Изготвува:**Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

13.Информација за состојбата со наплата на данок на имот за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

14. Годишен Извештај за состојбата со деловниот и стамбениот простор со кој стопанисува општина Демир Хисар даден под закуп за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

15. Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота на општина Демир Хисар за 2017.
**Изготвува:** Оддление за инспекциски надзор-инспекторат
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

16.Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2017
**Изготвува:** Одделение за правни и општи работи
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

17. Извештај за реализација на Програма за јавно осветлување во Општина Демир Хисар за 2017 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

18.Извештај за реализирани активности на Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар во 2017 година.
**Изготвува:**Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

19. Извештај за реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Демир Хисар за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

20. Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција, дератизација и контрола на пополуација на животни скитници во Општина Демир хисар за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

21. Извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на општина Демир Хисар за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности

**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

22.Извештај за работата на ЈКП,,Комуналец,, Демир Хисар за 2017 година .
**Изготвува:** ЈКП"Комуналец" Демир Хисар
**Разгледува**: Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Советот на општината.

23.Програма за работа на ЈКП"Комуналец" за 2018 година
**Изготвува:** ЈКП"Комуналец" Демир Хисар
**Разгледува**: Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Советот на општината.

24.Извештај за работа на Дом на култура "Илинден"Демир Хисар за 2017 г.
**Изготвува:** Дом на култура "Илинден" Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува**: Совет на Општина Демир Хисар

25.План за работа на Домот на културата "Илинден" Демир Хисар за 2018 г.
**Изготвува:** Дом на култура "Илинден" Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на општината

26.Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

27.Годишен извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2017 год.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

28.Завршна сметка на Дом на култура"Илинден" Демир Хисар за 2017 г.
**Изготвува:**Дом на култура"Илинден" Демир Хисар
**Разгледува:**Надзорен одбор за матер. финан работење.
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

29.Завршна сметка од ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар за 2017 година.
**Изготвува:** ОУ "Гоце Делчев" Демир Хисар
**Разгледува:** Училишен одбор
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

30.Завршна сметка од ОУ "Браќа Миладиновци"с.Жван за 2017 година.
**Изготвува:** ОУ "Браќа Миладиновци" с.Жван
**Разгледува:** Училишен одбор
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

31.Завршна сметка на ОУ"Даме Груев" с.Смилево за 2017 година.
**Изготвува:** ОУ "Даме Груев" с.Смилево
**Разгледува**:Училишен одбор
**Усвојува:**Совет на општина Демир Хисар

32.Завршна сметка на ДСУ "Крсте П.Мисирков" Демир Хисар за 2017 г.
**Изготвува:**ДСУ "Крсте П. Мисирков" Демир Хисар
**Разгледува:** Училишен одбор
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

33.Завршна сметка на ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар за 2017г.
**Изготвува:** ЈОУД детска градинка "2-ри Септември " Демир Хисар
**Разгледува:** Управен одбор
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

34.Завршна сметка на ЈКП"Комуналец" Демир Хисар за 2017 година.
**Изготвува:** ЈКП "Комуналец" Демир Хисар
**Разгледува:**Ком.за финан. и буџет/Надзорен одбор на Комуналец
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

***АПРИЛ, МАЈ, ЈУНИ-II Тромесечие***

35.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2018 година за I квартал
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

36. Одлука за уредување на јама за закоп на угинати животни.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:**Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

37.Извештај за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за сезона 2017/2018 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

38.План за јавност во работата на општина Демир Хисар за 2018 година
**Изготвува:** општинска администрација ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

***ЈУЛИ, АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ-III Тромесечие***

39.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2018 година за II квартал
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Совет на општината.

40.Извештај за шестемесечно работење на ПС од општа надлежност Демир Хисар .
**Изготвува:** ПС од општа надлежност Демир Хисар
**Разгледува:**Комисија опшествени дејности
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

41.Извештај за работа на ОУ"Гоце Делчев" за 2017/2018 година.
**Изготвува:** ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар
**Разгледува:**Комисија опшествени дејности
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

42.Извештај за работа на ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван за 2017/2018 година.
**Изготвува:** ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

43.Извештај за работа на ОУ"Даме Груев" с.Смилево за 2017/2018 година.
**Изготвува:** ОУ "Даме Груев" с.Смилево
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

44.Извештај за работа на ДСУ "Крсте П.Мисирков" Демир Хисар за 2017/2018 година.
**Изготвува:** ДСУ"Крсте П.Мисирков" Демир Хисар
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

45.Извештај за работа на ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар за 2017/2018 година.
**Изготвува:** ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

46.Програма за работа на ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар за 2018/2019 година.
**Изготвува:** ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на општина Демир Хисар

47.Програма за работа на ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван за 2018/2019 година.
**Изготвува:** ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

48.Програма за работа на ОУ"Даме Груев" с.Смилево за 2018/2019 година.
**Изготвува:** ОУ "Даме Груев" с.Смилево
**Разгледува**:Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

49.Програма за работа на ДСУ"Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за 2018/2019 година.
**Изготвува:** ДСУ"Крсте П.Мисирков" Демир Хисар
**Разгледува**:Комисија за опшествени дејности
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

50.Програма за работа на ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар за 2018/2019 година.
**Изготвува**:ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар
**Разгледува**:Комисија за опшествени дејности
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

51. Програма за зимско одржување на патиштата и улиците за 2018/2019 година.
**Изготвува**:Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува**:Комисија за јавни комунални дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

**52.Шестмесечен Извештај за состојбата со деловниот и стамбениот простор со кој**

**стопанисува општина Демир Хисар даден под закуп за 2018 година.**
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални работи и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

***ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ-IV Тромесечие***

53.План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2019 година
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

54.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2018 година за III квартал
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

55. Ребаланс на буџетот за 2018 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

56.Програма за уредување на градежно земјиште во Демир Хисар за 2019 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

57.Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2019 г.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

58. Програмата за јавна чистота на општина Демир Хисар за 2019.
**Изготвува:** Оддление за инспекциски надзор-инспекторат
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

59.Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2019 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

60. Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спортот и младите за 2019 година.
**Изготвува**: Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

61. Програма за активностите на Општина Демир Хисар за подршка на Здруженија на граѓани и невладини организации за 2019 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

62. Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравството за 2019 г.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

63. Програма за јавните потреби на Општина Демир Хисар во културата 2019 г.
**Изготвува:** општинска администрација
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

64. Програма за обележување на значајни годишнини од настани и личности на Општина Демир Хисар за 2019 г.
**Изготвува:** општинска администрација
**Разгледува:** Комисија за обележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија
**Усвојува:** Советот на општината.

65. Програма за јавно осветлување во Општина Демир Хисар за 2019 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

66. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Демир Хисар за 2019 г.

**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

67. Програмата за дезинсекција, дератизација и контрола на популација на животни скитници во Општина Демир Хисар за 2019 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

68. Програма за управување со отпад за 2019 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

69. Акционен годишен План за активностите на општина Демир Хисар во областа на енергетската ефикасност во 2019 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

70.Информација за жетвените активности, количина на произведен и откупен тутун во Демир Хисар за 2018 година.
**Изготвува:** ПЕ за земјоделие Демир Хисар
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

71. Програма за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2019 година.
**Изготвува:** Одделение за правни и општи работи
**Разгледува:**Комисија за изготвување на Програмата за работа на Советот
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

72.Буџет на Општина Демир Хисар за 2019 година
**Изготвува:** Одделение за финански прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

73.Одлука за извршување на буџетот на Општина Демир Хисар за 2019 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

74.Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2019 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

**ЗАВРШЕН ДЕЛ**

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите и предлагачите на материјалите кој се должни да го почитуваат утврдените рокови.
Во текот на 2018 година Советот на Општина Демир Хисар ќе разгледува и усвојува и други дополнителни прашања кој ќе произлезат од непосредното работење. Програмата да се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.17- 983/8 Совет на Општина Демир Хисар**
**27.12.2017 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлуката за давање согласност на Ценовник со спецификација за зимско одржување на локални патишта во општина Демир Хисар за 2017-2018 година**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност на Ценовник со спецификација за зимско одржување на локални патишта во општина Демир Хисар за 2017-2018 година донесена на шеста седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1039/6 Општина Демир Хисар**
**28.12.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

61.Врз основа на член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на седницата оддржана на 27-12-2017год. донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Ценовникот со спецификација за зимско оддржување на локални патишта во Општина Демир Хисар 2017-2018год.**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Ценовникот со спецификација за зимско оддржување на локални патишта во општина Демир Хисар 2017-2018 година бр.0202-313/4 од 22.12.2017 година, донесен од Управниот одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.

Член 2

Составен дел на Одлуката е Ценовникот со спецификација за зимско оддржување на локални патишта во Општина Демир Хисар 2017-2018година бр. 0202-313/4 од 22.12.2017 година.

Член 3

Одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Бр.17-983/9 Совет на општина Демир Хисар**
**27.12.2017 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлуката за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар донесена на шеста седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1039/7 Општина Демир Хисар**
**28.12.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

62.Врз основа на член 36 став 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 24 став 3 од Законот за полиција( Службен Весник на Република Македонија, број 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16 и 120/16), како и член 43 став 1 точка 12 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), а по претходно доставена листа со кандидати за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар со бр. 22.6-87424/1 од 18.12.2017 година, Советот на општина Демир Хисар донесува

**О Д Л У К А**
**за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар**

1. **Се ИЗБИРА** лицето **Ќиро Митрејчевски** од с. Слоештица, Демир Хисар за Командир на Полициска станица од општа надлежност во Демир Хисар.

2. Избраното лице од точка 1 е со завршено високо образование –Правен факултет и безбедност со 28(дваесет и осум) години работно искуство во полицијата, а произлегува од листата на кандидати за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар со бр. 22.6-87424/1 од 18.12.2017 година, која содржи три имиња со предлози доставени од Министерот за внатрешни работи на Република Македонија г-динот Оливер Спасовски и е составен дел на оваа одлука.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Демир Хисар.

**О б р а з л о ж е н и е:**

Следејќи ги позитивните законски прописи во Р.Македонија кои се однесуваат за избор на Командир на Полициска станица, конкретно член 24 од Законот за полиција, Упатството за начинот на избор на командир на Полициска станица од општа надлежност во Секторите за внатрешни работи бр. 13.1-1030/1 од 09.01.2007 година, листата на кандидати за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност во Демир Хисар со бр. 22.6-87424/1 од 18.12.2017 година, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до
-Архива
-Министерство за внатрешни работи
-Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар
-Избраниот

**Бр.17-983/10 Совет на општина Демир Хисар**
**27.12.2017 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Буџет на Општина Демир Хисар за 2018 година**

1.Го објавувам Буџетот на Општина Демир Хисар донесен на шеста седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1039/1 Општина Демир Хисар**
**28.12.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

63. Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/2002), член 31 став 1 од Законот за буџетите (Сл. весник на РМ бр.64/2005, 103/2008, 56/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016) и член 28 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл. весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004,67/2007, 156/2009, 47/2011 и 192/2015), Советот на Општина Демир Хисар на 3 седница одржана на 27.12.2017 година, донесе

**ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**

**На Општина ДЕМИР ХИСАР за 2018 година**

**1.Општ дел**

Член 1

Буџет на Општина Демир Хисар за 2018 година се состои од:

| | |
|---|---|
| I. ВКУПНИ ПРИХОДИ | 159.949.038 |
| Даночни приходи | 16.344.000 |
| Неданочни приходи | 5.186.000 |
| Капитални приходи | 4.750.000 |
| Приходи од дотации | 72.539.126 |
| Приходи одТрансфери | 56.676.000 |
| Приходи од донации | 4.453.912 |
| II. ВКУПНИ РАСХОДИ | 171.449.038 |
| Од утврдени намени | 171.269.038 |
| Резерви | 180.000 |
| III. ДЕФИЦИТ | -11.500.000 |
| IV. ФИНАНСИРАЊЕ | 11.500.000 |
| Прилив | 11.500.000 |
| Домаш. задолжувања | 11.500.000 |
| Странски заеми | 0 |
| Одлив | 0 |
| Отплата на главница | 0 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

---------------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1. Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2018 година---------------1
2. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2018 година---1-6
3. Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2018 година--6
4. Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2018 година----------------7-12
5.Одлука за давање согласност на Ценовник со спецификација за зимско одржување на локални патишта во општина Демир Хисар за 2017-2018 година-------------------------------13
6. Одлука за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар-13-14
7. Буџет на Општина Демир Хисар за 2018 година-------------------------------------15

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**